Република Северна Македонија
ЈЗУ Центар за јавно здравје
ШТИП
Бр. 03-900/1
03.07 2025 год.

Врз основа на член член 30 од Статутот на ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип , член 141,156,157,158,159 и 160 од Законот за здравствена заштита (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13 ,39/14,43/14,132/14,188/14,10/15, 61/15 ,154/15, 192/15, 17/16, 37/16,20/19 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.101/19,153/19,180/19,275/19,77/2021,122/2021,178/2021,150/2022,236/2022 199/23,236/23, 30/24,74/24 и 170/24 ), член 14, член 22 и 23 од Законот за работни односи Пречистен текст (Сл.весник на Република Македонија бр.145/14,20/15,33/15,72/15,129/15,27/16 и 120/18) и (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 110/19, 267/20,151/21,111/23,39/25и 74/25) и известување од Министерство за финансии за обезбедени средства арх. бр. 19-5375/2 од 18.06.2025 год. ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип објавува :

# *ЈАВЕН ОГЛАС*
## *за засновање на работен однос на неопределено работно време*

**ЈЗУ Центар за јавно здравје – Штип** има потреба од засновање на работен однос на неопределено работно време за даватели на јавни услуги и тоа од следната категорија:

1. ЗДР 03 01 Г03 001 – Медицинска сестра, 1(еден) извршител.

Покрај општите услови предвидени со Законот

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност и
- да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност.

кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

Кандидатите да имат завршено Средно медицинско училиште - отсек медицинска сестра и положен стручен испит согласно Законот.

Кандидатите потребно е да ги достават следните документи :

- Пријава (со точна адреса на живеење и телефон);
- Кратка биографија(CV);
- Диплома и свидетелства за завршено средно медицинско образование-отсек медицинска сестра (оригинал или заверена кај нотар);
- Уверение за положен стручен испит (оригинал или фотокопија заверена кај нотар);
- Уверение за државјанство (оригинал или фотокопија заверено кај нотар, не постаро од 6 месеци);

- Лекарско уверение за здравствена способност (издадено од доктор спец. по медицина на труд во оригинал или фотокопија заверено кај нотар, не постаро од 6 месеци);
- Потврда од Централен регистар дека не му е изречена со правосилна одлука забрана за вршење професија, дејност или должност (оригинал или фотокопија заверена кај нотар не постара од 6 месеци);

Распоред на работно време: 40 часовна работна недела.
Паричен нето износ на плата: 31.933,00 денари.

**Јавниот Оглас трае 5 работни дена сметано од денот на објавувањето.**

Пријавите со горе наведените документи да се достават до Архивата на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Штип секој работен ден од 08 - 14 часот или на адреса: ЈЗУ Центар за јавно здравје - Штип, ул. "Христијан Карпош " бр. бб во рок од 5 работни дена сметано од денот на објавувањето на Огласот во дневните весници.

Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да се разгледуват.

Изборот на кандидатите ќе се изврши согласно член 160 и член 161 од Законот за здравствена заштита.

За извршениот избор сите кандидати ќе бидат писмено известени.

***ЈЗУ Центар за јавно здравје - ШТИП***
***ВД ДИРЕКТОР***
***Дипл. ек. Бранко Горгиев***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЈЗУ Центар за јавно здравје 1 ШТИП